http://free-slots.us.org/ (http://free-slots.us.org/)

(http://reper.net.mk)

Скопје, година VII,
број 52/2015 март

Search

- Насловна (http://reper.net.mk/)
- Репер е… (http://reper.net.mk/zareper)
- Антолог (http://reper.net.mk/antolog)
- Архива (http://reper.net.mk/archive-reper)
- Импресум (http://reper.net.mk/impresum)
- Маркетинг (http://reper.net.mk/marketin)
- Контакт (http://reper.net.mk/contact)

Изложба (http://reper.net.mk/kategorii/%d0%b8%d0%b7%d0%bb%d0%be%d0%b6%d0%b1%d0%b0)

# Изложба „Полукружење“ на МОМИ во Охрид (http://reper.net.mk/dnevni/%d0%b8%d0%b7%d0%bb%d0%be%d0%b6%d0%b1%d0%b0-%d0%bf%d0%be%d0%bb%d1%83%d0%ba%d1%80%d1%83%d0%b6%d0%b5%d1%9a%d0%b5-%d0%bd%d0%b0-%d0%bc%d0%be%d0%bc%d0%b8-%d0%b2%d0%be-%d0%be%d1%85%d1%80%d0%b8%d0%b4)

Share 0 Like 0



(http://reper.net.mk/wp-content/uploads/2013/05/momi_oh_kartichka.jpg)

Во организација на Центарот за културен проток „Артерија“ во Сабота на 18 мај 2013 г. во Центарот за Култура „Григор Прличев“ – Охрид, ке биде отворена изложбата *Полукружење* на МОМИ од Скопје, со почеток во 20.30 ч.

**Критички осврт на изложбата:**

Прекинато кружење, прекинат тек, прекин на еден апсолут како начин на доаѓање до артистичко решение…

Создавање на сопствена интимна визуелна претстава, која лебди меѓу нашите сопствени мисли и мислите на другите, но сепак успева да се конектира со различни дискурси… Колку животот се протега надвор од своите субјективни граници и раскажува приказна за ефектите од глобалната културна интеракција, која има силна потреба од постојано реконструирање?

Полукружење, кое го прекинува цикличното повторување на безпринципиелното игнорирање на суштинските проблеми на женските, воедно и поинаквите перспективи. Во потрага по нови визуелно концептуални референци и методи во просторот, каде секој создава, делува, руши, убива во својот, туѓиот и сечиј приватен/неприватен простор и приватна/неприватна мисла и идеја…

Со сеприсутно користење на непопустливи креативни тактики, делата рефлектираат нова претстава, применуваат различни правила од животот, фокусирани на разбивање на веќе создадената догматична, јавна и интимна мисла… продукција која стои притаена зад сериозна работа, со употреба на секојдневните предмети кои се подложат на ново конципирање и реализација на разбивање на стереотипниот менталитет и признавање на поинаква интимност.

**МОМИ се:**

Марија Сотировска
Христина Зафировска
Татјана Ристовска
Ана Ивановска
Зорица Зафировска
Маја Кировска
Кристина Хаџиева

Изложбата ќе биде отворена до 28 мај.